ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2006

содржина

- ПРОФИЛ на АД ЕЛЕМ 4
- ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ 6
- ТЕРМО Топлина преточена во создавање 11
- РУДНИЦИ Бесконечност преточена во живот 17
- ХИДРО Моќ преточена во движење 23
- ЕКОЛОГИЈА Ние се грижиме за животната средина 31
  - АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ 34
  - АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ 37
- ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 51

Почитувани,

Од своето формирање, па се до денес АД ЕЛЕМ претставува една од главните алки на современото секојдневно функционирање на Република Македонија. Со своите производни капацитети и големата посветеност на нашите вработени, АД ЕЛЕМ в континуитет повеќе од 50 години работи во доменот на производство на електрична енергија за потребите на сите субјекти во државата, притоа постапно изградувајќи се во современа и стратешки важна Компанија како во земјава така и во поширокі регионални рамки.

Но, АД ЕЛЕМ не запира тука. Со уште поголем ентузијазам, професионализам и посветеност на сите вработени, АД ЕЛЕМ оди понатаму во правец на обезбедување капитал за сегашните и идните генерации: професионално обучен кадар, конкретни производни резултати и амбициони развојни планови, но во исто време и визија за просперитетна иднина на нашата компанија.

Корпоративна идеја за реализирање на Годишниот извештај од една страна е следењето на модерните трендови во претставување на нашата компанија пред јавноста, но во исто време транспаретно презентирање на резултатите од нашето работење, профилот, мисијата и вредностите кои ги почитуваат нашите вработени и нашата компанија. Се надеваме дека продуктот ќе ја оправда таа нашата замисла и цел.

Со почит,

Генерален Директор
Д-р Влатко Чингоски

ПРОФИЛ НА АД ЕЛЕМ

АД ЕЛЕМ е Вашиот секојдневен партнер, присутен во секој сегмент од Вашиот живот и стожер на македонскиот електроенергетски систем. Иако можеби невидлив – АД ЕЛЕМ претставува економски столб на државата. Без негова стабилност нема подобра и посигурна иднина. Со своите инсталирани капацитети обезбедува преку 96 % од вкупното домашно производство на електрична енергија. Само во рударско-енергетските комбинати Битола и Осломеј се произведува над 80 %, додека нашите хидроелектрани произведуваат дополнително уште околу 16 % од електрична енергија. Оттука, неслучајно АД ЕЛЕМ важи за една од стратегиски најважните домашни компании.

Електричната енергија е секако најблагороден облик на енергија и е најважен фактор за економски развој на една земја. Таа постои во природата во најразлични облици, а нам, на луѓето ни е дадена привилегија да знаеме како да ја претвориме и искористиме за остварување на своите цели. Само е потребно на патот на претворањето да не ја занемариме природата, истата да ја облагородиме и да ја зачуваме за идните генерации.

Имаме едуцирани и посветени луѓе, технологија и капацитети кои ја преземаат енергијата од природата и ја преобразуваат во облик кој што на сите нам ни е потребен. Точно заради тоа нашиот слоган е: *Природата преточена во енергија.*

АД ЕЛЕМ е стожерот на македонскиот електроенергетски систем. Зад успехот, амбициите и добрите резултати на АД ЕЛЕМ секојдневно се наоѓа армија од луѓе, тоа се нашите 3.800 вработени. Ние во АД ЕЛЕМ, знаеме дека успехот на работата зависи пред се од луѓето одговорни за нејзино навремено и квалитетно завршување. Компанијата инвестира и верува дека производството од домашни ресурси е најисплатливо и долгорочно единствено економски прифатливо решение за Македонија. АД ЕЛЕМ работи за да им се придружи на современите и технолошки напредни земји во светот и да стане дел од Европската Унија –преку залагање за слободна трговија со електричната енергија, согласно директивите на ЕУ, либерализација, зголемување на конкуренцијата и раздвижување на сите учесници во електроенергетскиот сектор. Само на тој начин сметаме дека може долгорочно да се обезбедат средства за развој, да се поттикнат инвестициите во енергетиката и да се зајакне целокупната економија во државава.



Надзорен одбор

Д-р Арсен Арсенов	*претседател*
М-р Дионис Манов	*член*
М-р Игор Гешовски	*член*
Владислав Стајковиќ	*член*
Кренар Османи	*член*
Ратко Црвенкоски	*член*
Спиро Мавровски	*член*

Управен одбор, Менаџмент

Д-р Влатко Чингоски дипл.ел.инж.	*Претседател на УО, Генерален Директор*
Абдулхади Иљази дипл.екк.	*Член на УО, Заменик Генерален директор*
Сектор за развој и инвестиции	
Јасна Иванова - Давидовиќ дипл.град.инж.	*Член на УО, Директор за развој и инвестиции*
Сектор за производство	
Димитар Танурков дипл.маш.инж.	*Член на УО, Директор за производство*
Сектор за правни и општи работи	
Владимир Огњановски дипл.правник	*Член на УО, Директор за правни и општи работи*
Сектор за Комерција	
Наде Андонова дипл.маш.инж.	*Член на УО, Директор за комерцијални работи*
Сектор за финансии	
Славица Бесова дипл.екк.	*Член на УО, Директор за финансии*

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Инсталирана моќност

	MW	%
Термоелектрани	800	60
Хидроелектрани	528	40
Вкупно	1.328	100



Термоелектрани

	Инсталирана моќност MW	Нето производство GWh	Година на пуштање	Работни часови h	Основно гориво	Енергетска вредност на гориво kJ/kg
Битола 1	225	1.465,9	1982	7.593	Јаглен	8.244
Битола 2	225	1.475,0	1984	7.492	Јаглен	8.244
Битола 3	225	1.393,1	1988	7.215	Јаглен	8.244
Осломеј	125	356,9	1980	4.933	Јаглен	7.252
Вкупно	800	4.691,0		27.233		



Хидроелектрани

	Број на агрегати	Инсталирана моќност MW	Нето производство GWh	Година на пуштање	Тип на електрана	Волумен на акумулација ($10^6 m^3$)
Вруток	4	172	422,4	1957/1973	Акумулациона	277/357
Равен	3	21,6	48,3	1959/1973	Проточна	/
Врбен	2	12,8	34,4	1959	Проточна	/
Шпилје	3	84	362,2	1969	Акумулациона	223/520
Глобочица	2	42	231,9	1965	Акумулациона	13,2/58,4
Тиквеш	4	116	226,7	1968/1981	Акумулациона	309,6/475
Козјак	2	80	179,0	2004	Акумулациона	260/550
Вкупно	20	528,4	1.504,9			



Месечно расположива енергија

													GWh
	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Термо	507,8	448,1	458,5	342,5	281,0	285,1	336,7	341,9	329,0	448,6	443,4	468,5	4.691,0
Хидро	193,1	136,8	161,6	158,6	171,7	129,2	110,8	82,5	65,8	106,9	100,5	87,5	1.504,9
Вкупно	700,9	584,9	620,1	501,1	452,8	414,3	447,4	424,4	394,7	555,4	543,8	556,0	6.195,9





Годишно расположива енергија

	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000	2001	2002	2003	2004	2005	2005	2006
														GWh
Термо	4.791,7	4.885,4	4.731,6	5.035,0	5.445,3	5.008,4	5.159,0	5.241,4	4.863,3	4.902,5	4.735,0	5.007,8	5.007,8	4.691,0
Хидро	695,8	797,1	1.442,1	1.222,0	1.077,5	1.384,6	1.170,0	621,5	755,4	1.370,1	1.328,3	1.334,7	1.334,7	1.504,9
Вкупно	5.487,5	5.682,5	6.173,7	6.257,0	6.522,8	6.393,0	6.329,0	5.862,9	5.618,7	6.272,6	6.063,3	6.342,5	6.342,5	6.195,9

	2005	2006	‘06/‘05	‘05	‘06
	GWh	GWh	GWh	%	%
Термо	5.007,8	4.691,0	-6,3	79,0	75,7
Хидро	1.334,7	1.504,9	12,8	21,0	24,3
Вкупно	6.342,5	6.195,9	-2,3	100,0	100,0



ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

1
2006

ТЕРМО

РУДНИЦИ

ХИДРО

ЕКОЛОГИЈА

ФИНАНСИИ

ТОПЛИНА ПРЕТОЧЕНА ВО СОЗДАВАЊЕ

Термоенергетските ресурси се необновливи електроенергетски ресурси кои неповратно се трошат. Добивањето на електрична енергија во термоцентралите се одвива со претворање на енергијата на фосилните горива - јагленот, нафтата, гасот, во електрична енергија. Термокапацитетите даваат константна енергија. Термопроизводството има растечка тенденција.

Најголемиот дел од производството на електрична енергија во Република Македонија, некаде околу 80 %, е базирано на термоелектрани кои се есенцијални за нашата земја. Најголем капацитет е Рударско - енергетскиот комбинат Битола со своите три блока од по 225 MW и нето производство од околу 1.400 GWh по блок. Комбинатот е целосно заокружена производна целина со повеќе единици. Оваа термоелектрана како основно гориво користи јаглен кој е со просечна калоричност од 7.900 kJ/kg.

Другиот термокапацитет во составот на електроенергетскиот систем е Рударско - енергетскиот комбинат Осломеј кај Кичево, со инсталирана моќност на блокот од 125 MW и нето годишно производство од околу 400 GWh. И овој термокапацитет како основно гориво користи јаглен со просечна калоричност од 7.660 kJ/kg.

Сите овие термоелектрани имаат важна улога во покривањето на базниот дел од дијаграмот на конзумот на Република Македонија.

Месечно производство

Термоелектрани													GWh
	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Битола 1	162,3	145,0	154,7	137,0	113,8	0,0	119,4	158,6	153,4	141,4	154,7	159,0	1.599,3
Битола 2	163,0	142,1	156,8	94,7	39,6	157,4	162,1	162,2	50,1	155,7	159,4	164,1	1.607,0
Битола 3	164,9	147,6	139,8	142,9	154,0	154,0	30,6	0,0	130,0	135,0	155,5	159,5	1.513,7
Осломеј	62,9	53,8	49,6	0,0	0,0	0,0	57,1	53,7	27,3	59,5	13,1	27,7	404,6
Вкупно	553,1	488,5	500,9	374,5	307,4	311,4	369,2	374,4	360,7	491,7	482,7	510,2	5.124,6





Производство по години

Термоелектрани													GWh
	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000	2001	2002	2003	2004	2005	2006
Битола 1	1.375,4	1.434,2	1.406,6	1.451,7	1.537,9	1.483,1	1.463,7	1.452,5	1.389,4	1.590,3	1.585,3	1.478,0	1.599,3
Битола 2	1.431,5	1.284,7	1.399,3	1.369,1	1.586,1	1.519,3	1.489,3	1.487,5	1.472,9	1.383,6	1.313,4	1.524,6	1.607,0
Битола 3	1.350,5	1.451,3	1.542,4	1.572,1	1.527,6	1.624,6	1.389,1	1.545,8	1.435,4	1.566,7	1.463,5	1.600,9	1.513,7
Осломеј	637,2	709,2	386,6	635,9	793,7	376,9	463,7	638,6	416,8	365,9	372,8	404,3	404,6
Вкупно	4.794,6	4.879,4	4.734,9	5.028,8	5.445,3	5.003,9	4.805,8	5.124,4	4.714,5	4.906,5	4.735,0	5.007,8	5.124,6

ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ	2005	2006	'06/'05	'05	'06
	GWh	GWh	GWh	%	%
Битола 1	1.478,0	1.599,3	8,2	29,5	31,2
Битола 2	1.524,6	1.607,0	5,4	30,4	31,4
Битола 3	1.600,9	1.513,7	-5,4	32,0	29,5
Осломеј	404,3	404,6	0,1	8,1	7,9
Вкупно	5.007,8	5.124,6	2,3	100,0	100,0



Застои

Термоелектрани	Битола 1		Битола 2		Битола 3		Осломеј	
Застои (h)	П	Н	П	Н	П	Н	П	Н
Јануари	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	35,10
Февруари	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
Март	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	95,12	168,22	0,00
Април	0,00	0,00	0,00	238,47	0,00	0,00	720,00	0,00
Мај	182,63	0,00	553,10	0,00	0,00	7,03	370,00	374,00
Јуни	720,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	720,00	0,00
Јули	134,32	33,43	0,00	0,00	599,83	0,00	40,00	9,12
Август	0,00	0,00	0,00	0,00	744,00	0,00	0,00	66,20
Септември	0,00	0,00	477,13	0,00	84,10	14,43	309,00	68,15
Октомври	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,57
Ноември	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	340,00	209,68
Декември	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
Вкупно	1.036,95	33,43	1.030,23	238,47	1.427,93	116,58	2.667,22	762,82
	1.070,38		1.268,70		1.544,51		3.430,04	

П - планирани застои во работата на ТЕ

Н - непланирани застои во работата на ТЕ

Битола 1



Битола 2



Битола 3



Осломеј



ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

2
2006

ТЕРМО

РУДНИЦИ

ХИДРО

ЕКОЛОГИЈА

ФИНАНСИИ

БЕСКОНЕЧНОСТ ПРЕТОЧЕНА ВО ЖИВОТ

Заробеното богатство од Земјата го преточуваме во енергија.

Јагленот – лигнит е доминантен електроенергетски ресурс за производство на електрична енергија во електроенергетскиот систем на Македонија. Јагленот се применува и во индустријата, топлификацијата, но и за широка потрошувачка, а за нас е од суштинска важност понатамошното истражување на изворите, производството и неговото користење.

Стратешки, може да се констатира дека иднината на енергетиката во Македонија е во веќе утврдените и потенцијални резерви на јаглен.

Базната енергија на електроенергетскиот систем на државата се темели врз јагленовиот потенцијал на Кичевскиот и Пелагониискиот басен со утврдените јагленови наоѓалишта: Суводол, Брод-Гнеотино, Живојно, Осломеј, Поповјани и Страгомиште, кои овозможија отворање на двата наши големи површински копови на јаглен: ПК Осломеј и ПК Суводол.



Ископ на јаглен и јаловина - Рудник Суводол

	I	II	III	IV	V	VI
Јаглен (t)	635.645	539.803	633.736	608.486	394.693	315.905
Јаловина (m^3)	1.417.703	1.482.272	1.800.643	1.701.130	1.609.467	1.657.772

	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Јаглен (t)	329.147	386.605	444.701	498.833	628.493	621.449	6.037.496
Јаловина (m^3)	1.970.636	1.421.976	1.216.034	1.280.299	1.457.032	1.191.868	18.206.832



Потрошувачка на јаглен - Рудник Суводол

t

	I	II	III	IV	V	VI
Испорачан јаглен	633.281	537.853	625.785	598.390	387.588	310.288
Потрошен јаглен	636.862	556.326	576.642	491.692	402.385	407.636
Состојба на депонија	196.937	178.464	227.607	334.305	319.508	222.160

	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Испорачан јаглен	326.586	380.103	440.847	495.767	621.647	610.176	5.968.311
Потрошен јаглен	365.832	383.964	425.444	566.000	558.931	583.376	5.955.090
Состојба на депонија	182.914	179.053	194.456	124.223	186.939	213.739	



Ископ на јаглен и јаловина - Рудник Осломеј

t

	I	II	III	IV	V	VI
Јаглен (t)	101.041	97.530	74.027	0	0	61.510
Јаловина (m^3)	393.463	231.361	358.245	509.800	577.392	442.860

	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Јаглен (t)	91.832	68.110	52.097	75.481	24.398	38.328	684.354
Јаловина (m^3)	369.486	447.065	398.326	425.065	226.883	277.484	4.657.430





Потрошувачка на јаглен - Рудник Осломеј

t

	I	II	III	IV	V	VI
Испорорачан јаглен	70.143	81.299	60.897	0	0	54.000
Потрошен јаглен	89.143	76.299	78.897	0	0	0
Состојба на депонија	19.000	24.000	6.000	6.000	6.000	60.000

	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Испорорачан јаглен	89.047	68.267	37.123	70.613	20.620	36.070	588.079
Потрошен јаглен	89.047	79.267	37.123	88.613	19.620	38.070	596.079
Состојба на депонија	6.000	49.000	49.000	31.000	32.000	30.000	



ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

3
2006

ТЕРМО

РУДНИЦИ

ХИДРО

ЕКОЛОГИЈА

ФИНАНСИИ

3 МОЌ ПРЕТОЧЕНА ВО ДВИЖЕЊЕ

Хидроенергијата е првата природна енергија што за свои цели ја користел човекот. Таа претставува еден од најзначајните обновливи извори на енергија, а воедно е и економски конкурентен на фосилните горива и нуклеарната енергија.

Од вкупната површина на земјата 71% е покриена со вода. Хидроенергијата денес во светот учествува со 19,3 % од вкупното светско производство на електрична енергија.

Македонија располага со значителен хидроенергетски потенцијал. Тој може да биде поткрепа на идниот развој на електроенергетиката. Со оглед дека се работи за обновлив извор на енергија, тој има исклучително значење. Хидропроизводството претставува 21% од вкупното производство на електрична енергија во АД ЕЛЕМ и тоа пред се за задоволување на дневните варијации на потрошувачката на електрична енергија со што се постигнува поголема флексибилност и расположивост на електроенергетскиот систем. Вкупниот волумен на акумулациите е 891.000.000 m^3 со вкупно просечно годишно производство од 1.270 GWh. Вкупната инсталираност на хидрокапацитетите изнесува 528,4 MW, односно 40% од вкупните капацитетите на АД ЕЛЕМ.

Искористувањето на хидропотенцијалот е поврзано со изградба на значајни градежни објекти, пред се брани и акумулации, односно долги доводни тунели или цевоводи, кои објектите ги прават од една страна скапи за изградба, но од друга страна исплатливи во поглед на целокупниот развој на економијата во земјата.

Хидроенергетскиот потенцијал како ресурс за добивање на електрична енергија се повеќе добива на значење и во развојните планови на АД ЕЛЕМ. Голем акцент се става на изградба на нови хидроенергетски објекти, како и на ревитализација на постојните хидроелектрани.

Месечно производство

Хидроелектрани													GWh
	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Вруток	52,9	42,1	27,8	12,5	33,4	38,2	27,1	19,9	19,1	48,5	53,4	48,8	423,5
Равен	6,3	5,1	3,3	1,4	3,7	4,2	3,0	2,1	2,1	5,6	6,3	5,8	48,9
Врбен	1,4	0,8	2,8	9,1	9,3	6,3	3,3	1,5	0,1	0,0	0,0	0,1	34,7
Шпиље	39,2	31,0	39,0	49,5	60,0	30,3	32,1	32,7	16,7	13,2	8,5	11,2	363,4
Глобочица	25,0	21,4	28,0	28,6	25,5	18,7	22,7	17,6	13,0	12,2	11,0	8,9	232,6
Тиквеш	38,1	22,1	51,4	42,6	19,8	8,7	5,8	1,0	3,3	21,4	9,6	3,5	227,4
Козјак	30,8	14,9	9,9	15,4	20,3	23,1	17,2	8,1	11,8	6,5	11,9	9,7	179,6
Вкупно	193,8	137,4	162,1	159,0	172,1	129,6	111,1	82,8	66,0	107,2	100,9	88,0	1.510,0





Производство по години

Хидроелектрани													GWh
	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000	2001	2002	2003	2004	2005	2006
Вруток	219,7	220,1	425,4	378,8	264,9	421,7	376,8	235,4	190,1	378,1	448,4	425,9	423,5
Равен	25,7	25,8	49,9	44,3	31,1	50,3	43,2	28,5	21,2	41,3	45,4	46,5	48,9
Врбен	32,0	44,1	45,5	37,1	40,0	40,3	31,4	28,7	25,6	39,0	41,2	38,0	34,7
Шпилје	165,8	216,4	352,9	297,6	283,9	332,4	289,9	154,3	193,2	330,4	365,6	316,7	363,4
Глобочица	104,8	134,6	229,6	191,6	182,0	225,0	178,2	96,8	122,7	201,1	233,5	212,9	232,6
Тиквеш	63,3	54,8	180,3	140,7	153,3	161,6	128,3	21,2	99,4	229,0	149,9	128,8	227,4
Козјак	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	44,3	165,9	179,6
Вкупно	611,3	695,8	1.283,6	1.090,1	955,2	1.231,3	1.047,8	564,9	652,2	1.218,9	1.328,3	1.334,7	1.510,0

ХИДРОЕЛЕКТРАНИ	2005	2006	'06/'05	'05	'06
	GWh	GWh	%	%	%
Вруток	425,9	423,5	-0,6	31,9	28,0
Равен	46,5	48,9	5,1	3,5	3,2
Врбен	38,0	34,7	-8,8	2,8	2,3
Шпилје	316,7	363,4	14,7	23,7	24,1
Глобочица	212,9	232,6	9,3	16,0	15,4
Тиквеш	128,8	227,4	76,5	9,7	15,1
Козјак	165,9	179,6	8,3	12,4	11,9
Вкупно	1.334,7	1.510,0	13,1	100,0	100,0



Дотоци во акумулациите

GWh

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Маврово	22,9	21,8	43,7	129,7	108,1	54,7	20,5	5,0	3,4	15,1	16,3	14,1	455,4
Врбен	1,4	0,8	2,8	9,1	9,3	6,3	3,3	1,5	0,1	0,0	0,0	0,1	34,7
Шпилје	34,0	27,0	45,0	70,0	61,0	31,0	29,0	22,0	14,0	13,0	12,0	11,0	369,0
Охрид + Глобочица	22,0	20,7	43,4	46,3	25,9	17,2	8,4	3,3	5,2	8,9	8,7	11,0	221,0
Тиквеш	24,4	27,3	64,6	44,7	26,5	9,5	2,0	1,5	3,5	13,9	4,8	5,2	227,7
Козјак	20,1	20,2	37,6	38,9	24,8	11,8	8,2	4,8	4,0	5,3	5,3	5,0	186,0
Вкупно	124,7	117,8	237,0	338,5	255,7	130,5	71,5	38,0	30,2	56,2	47,1	46,4	1.493,7





Просечна месечна состојба на акумулациите

GWh

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Вкупно
Маврово	121,8	113,3	106,7	174,3	273,1	317,4	318,8	304,7	286,5	257,0	214,2	170,4	2.658,1
Шпилје	24,0	19,5	21,0	32,0	38,5	38,0	37,0	29,5	23,0	21,5	23,0	25,0	332,0
Охрид + Глобочица	33,2	31,1	36,9	52,9	60,9	60,0	52,0	36,9	25,6	20,1	17,2	16,8	443,7
Тиквеш	35,2	40,4	56,6	55,7	61,5	59,6	56,5	54,3	52,4	37,6	32,8	34,4	577,2
Козјак	49,2	33,1	35,0	61,1	82,9	87,7	73,3	64,1	59,7	50,8	48,1	40,2	685,1
Вкупно	263,3	237,3	256,3	376,0	516,9	562,6	537,7	489,5	447,2	387,1	335,3	286,8	4.696,1



ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

4
2006

ТЕРМО

РУДНИЦИ

ХИДРО

ЕКОЛОГИЈА

ФИНАНСИИ

4 НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

“Земјата не ни е дадена во наследство од нашите претци, туку ни е позајмена за да ја чуваме за идните поколенија”

Електричната енергија е најквалитетен и најчист облик на енергија и според тоа клучен елемент во подигањето на квалитетот на живеењето и осигурувањето на одржлив развој. Сите компании се повеќе се обидуваат да го постигнат и да го покажат својот самопридонес за заштита на животната средина со контрола на влијанието на своите активности, процеси и услуги.

Одржливиот развој на нашата компанија бара подеднаква грижа во сите аспекти на работењето. Ние настојуваме да дејствуваме одговорно, одржувајќи рамнотежа помеѓу економските, општествените цели и влијанието врз животната средина. Енергетската политика на нашата компанија е во согласност со европската енергетска политика што подразбира инвестирање во чисто производство на енергија, строго почитување на Еколошкиот устав - Законот за животна средина, подготовка на програми за заштита на околината, како и обврската да се плаќаат еколошки даноци за нашето производство.

Нашите принципи се базирани на националните референци и се во согласност со позитивните законски прописи , а тоа значи спроведување на енергетската политика преку порационално користење на енергетските ресурси и развој на обновливите извори на електрична енергија.

ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПОЛИТИКА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Основни принципи на Декларацијата на Управниот Одбор на АД ЕЛЕМ за политиката за заштита, зачувување и унапредување на животна средина

Свесни за неопходноста да ја заштитиме, зачуваме и унапредиме животната средина за сегашните и идните генерации, и со цел да го промовираме одржливиот развој, со оваа Декларација, ние како управувачкиот тим заедно со сите вработени во АД ЕЛЕМ ги објавуваме следниве водечките принципи во нашата политика на животна средина:

- За да укажеме на скапоценоста на електричната енергија, нејзината висока вредност и големата важност рационално да ја искористуваме, перманентно ќе работиме на подигање на еколошката свест на јавноста
- Со зголемување на енергетската ефикасност на нашите постоечки постројки и со политика на поттикнување на развој и примена на обновливите извори на електрична енергија ќе бидеме активен борец против климатските промени како во земјава така и глобално
- Нашата основна определба секогаш е доследно почитување на релевантната правна регулатива како и постојано активно учество во нејзиното подобрување, унапредувење и усогласување со европската.

Темелен и обврзувачки принцип за нашата компанија е слоганот:

"Земјата не ни е дадена во наследство од нашите предци, туку ни е позајмена за да ја чуваме за идните поколенија"

Во Скопје на 16 Октомври 2006
А.Д. ЕЛЕМ

Д-р Влатко Чингоски
Претседател на Управен одбор

4.1 АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА -ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ-

4.1.1 - РЕК Битола

Методологијата за следење на емисијата на штетни гасови во воздухот се потпира на препораките на стандардите ИСО 9096 и ИСО 3966.

За определување на концентрацијата на штетните гасови, мерењата се вршат со гасен анализатор тип TESTO-33. Определување на концентрациите на прашина е со гравиметриска метода со употреба на инструментите GRAVIMAT SCH – 500, APA – 30 и TESTO -512. Пробите земени со горенаведените инструменти се обработуваат лабораториски.

Во технолошкиот процес на производство на електрична енергија како продукти на согорување се јавуваат пепелот и згурата. Нивниот транспорт се врши со систем на дозатори, траки, пресипи и одлагачи.

Годишната концентрацијата на штетни материи е прикажана во следната табела:

Штетни супстанции

		2006
SO_2	t	49.561
CO	t	329
NOx	t	9.680
CO_2	mg/m³	648,3
Прашина	t	3.397
Пепел	t	1.028.427,6
Згура	t	133.579

Анализите на отпадните води се вршат во самата ТЕ и тоа четири пати годишно. Анализите се вршат со познати титрациски стандардни методи, спектофотометриски, фотометриски, гравиметриски и со соодветни хемиски анализатори за специфична проводливост и мерење на pH.

Апаратурата која се користи е следната:

- pH метар – Jenway
- кондуктометар - Jenway
- спектрофотометар УВ-ВИС - Jenway
- спектрофотометар - фотометар- MERCK
- печка за жарење-ЛП-08
- стерилизатор -ИСКРА

Местата кои се контролираат се: излезен канал од РЕК, Х канал пред влив на отпадни води . Количината на отпадна вода од хемиско технолошката служба изнесува 26.526 m³ во 2006 година.

4.1.2 - РЕК Осломеј

За определување на концентрацијата на штетните гасови, мерењата се вршат со Сицков апарат кој е лоциран на оџакот, на висина од 45 m. Овој апарат мери на принцип на модулација на монохроматска светлина.

Определување на концентрациите на прашина е со гравиметриска метода со употреба на инструментите GRAVIMAT SCH – 500, APA – 30 и TESTO -512. Пробите земени со горенаведените инструменти се обработуваат лабораториски.

Во технолошкиот процес на производство не електрична енергија како продукти на согорување се јавуваат пепелот и згурата. Нивниот транспорт се врши со систем на дозатори, траки, пресипи и одлагачи.

Годишната концентрацијата на штетни материи е прикажана во следната табела:

Штетни супстанции

		2006
SO_2	t	3.363
CO	t	416
NOx	t	1.403
CO_2	t	477.265
Прашина	t	161
Пепел и згура	t	111.785

Количината на отпадна вода од хемиско технолошката служба изнесува 493.400 m^3 во 2006 година.

4.1.3 - Подружница ЕНЕРГЕТИКА

Мерењата на димните гасови се вршат со компјутерски уред за анализа тип ЕКОМ 5860 според ИСО 10708.

Штетни супстанции

		2006
CO	t	0,0958
NOx	t	0,0925
CO_2	t	0,0069

Количината на отпадна вода од хемиско технолошката служба изнесува 6.000 t/год.

4.2 АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА -ХИДРОЕЛЕКТРАНИ-

4.2.1 - Хидроенергетски систем Маврово

Средномесечни дотеци во акумулацијата во m^3/sec

2006	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Годишен просек
	4.636	3.663	9.092	36.659	31.116	16.969	5.773	1.967	1.336	3.576	3.262	3.022	10.089

Средномесечни истеци од акумулацијата во m^3/sec

2006	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Годишен просек
	15.245	13.220	8.039	3.610	9.175	10.908	7.664	5.431	5.499	13.353	15.539	13.803	10.124

Средномесечни коти на акумулацијата во тнв

2006	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
	1.219,70	1.216,5	1.215,7	1.220,7	1.227,0	1.230,3	1.230,2	1.229,2	1.228,3	1.226,7	1.223,8	1.221,1

Наносот во Мавровската акумулација е проверуван неколкупати во текот на експлоатацијата на објектот, а последен пат во 1989 година од страна на РХМЗ - Скопје и тоа на делот на влезната градба каде што секогаш имало повеќе нанос отколку во самата акумулација. Општа констатација е дека Мавровската акумулација по однос на наносот е во добра состојба, а тоа се должи на изградената мрежа на таложници на самите зафатни градби кои се од тиролски тип, како и на изградените централни таложници од двата главни довода (Горна Радика и Шар) непосредно пред влевањето на водите во акумулацијата. Со ова минимални се количините на нанос кои доаѓаат во акумулацијата.

Ерозија и наноси во сливот

Сливното подрачје на системот Маврово е доста голем и опфаќа 513 km^2. По однос на ерозијата нема особени проблем и досегашните ерозивни места се санирани и умирени. По однос на наносот, секоја проектна градба е од тиролски тип со сопствена таложница каде се таложи наносниот материјал, кој на одредено време се чисти.

По однос на ерозивни мерки досега е интервенирано само на една река и тоа на р.Маздрача од Шарскиот довод, каде поради изразитото ерозивно дејство на реката во горниот дел изведена е заштитна решеткаста армирано бетонска конструкција тип Херхаулидзе со што целосно е умирена реката и нема повеќе ерозија на земјиштето.

Пошумување во сливот на реката и антиерозивни мерки

По однос на пошумувањето на сливот треба да се напомене дека најголемиот дел од сливното подрачје на Мавровската акумулација се наоѓа во Националниот Парк Маврово, кој е исклучително пошумен, а експлоатацијата на шумите е минимална. Со тоа немало потреба од додатни пошумувања по сливовите на реките.

4.2.2 - ХЕ Тиквеш

Подружницата ХЕ Тиквеш презема одредени активности за заштитата на животната средина и за таа цел изработени се следите елаборати :

1. Физичко хемиски карактеристики на водите во акумулацијата ;
2. Ерозија во сливот на акумулацијата Тиквеш ;
3. Количината на наталожен материјал во акумулацијата Тиквеш .

Физичко хемиски карактеристики

Испитувањето на хемиските карактеристики и квалитетот на водите во акумулацијата се врши за да се утврди агресивноста на водата врз бетонските и армирано-бетонските конструкции. Примероците на вода за хемиска анализа земени се од стручна екипа на Заводот за испитување на матерјали „Скопје" – Скопје.

Параметрите кои што се испитувани дадени се во табели со добиените резултати за истите, а тоа се:

pH вредност	< 4
сулфати = SO_4	< 250 mg/l
хлориди = Cl -	< 1.000 mg/l
амониум = NH_4	0,05 mg/l

Врз основа на земените примероци (мостри) на вода од претходно споменатите локалитети, а после нивната извршена анализа, врз база на добиените показатели на резултатите можеме да консатираме и заклучиме дека агресивноста на водата ги задоволува предвидените услови, односно е во дозволените максимални граници на концентрации на хемиските параметри, и немаат агресивно и штетно дејство како врз бетонот така и врз челикот, т.е. на сите бетонски и армирано – бетонски конструкции.

Ерозија во сливот на акумулацијата Тиквеш

За одредување на коефициентот на ерозија во сливот на акумулацијата, по извршената анализа, утврдено е дека средниот коефициент на ерозија за профилот Тиквеш изнесува $z_{ср} = 0.34$. Овој коефициент на ерозија се движи од 0.01 за подрачја со многу слаба ерозија до 1.51 и повеќе за подрачја со екцесивна ерозија. Според ова сливот на Акумулацијата Тиквеш спаѓа во IV категотија на разорноста т.е. во сливот е застапена средна до слаба ерозија. Во групата на поројни серии најзастапена е III-та категорија на разорност со 13 поројни серии или 4.29% од вкупната површина на сливот во РМ.

Според последните мерења извршени на акумулацијата Тиквеш утврдено е дека во периодот од 1968 година до 1991 година (период од 23 години) во акумулацијата е депониран нанос од 29.320.019 ерозивен нанос или 1.274.783 m^3/год. Ако засипувањето на акумулацијата Тиквеш со ерозивен нанос продолжи со ваков интензитет акумулацијата би била исполнета за 350 години, што е доста голем период. Но и покрај ова за продолжување на векот на акумулацијата, како и за заштита на целиот слив од ерозија потребни се сеопфатни и координирани активности, во смисол на превземање на технички, биолошки и административни мерки.

Голем број на активни поројни водотеци и ерозивни површини во сливот на Црна Река, причинуваат во просторот на акумулацијата да се внесуваат големи количини на наносен материјал со што се намалува просторот на акумулацијата, наменет за акумулирање на корисни води. Сегашната положба на акумулациониот простор покажува потреба од антиерозивни работи, градежни и биолошки. Според изнесеното произлегува потребата од активно продолжување на уредување на пороите, при што антиерозивните мерки да бидат така ориентирани што во иднина што повеќе би се намалиле влечните наноси, односно нивната продукција во сливот.

Количината на наталожен материјал во акумулацијата Тиквеш

Основна цел и задача е да се констатираат количините на исталожен наносен материјал во акумулацијата, да се одреди експлотациониот век на акумулацијата и да се одредат мерките и начинот на заштита на акумулацијата од засипување.

Републичкиот Хидрометеоролошки Завод – Скопје во одреден период од 1972-1984 година има направено мерења и испитувања на наносот во акумулацијата Тиквеш. Извршени се четири мерења и резултатите за количините на наслагите на наносот од извршените мерења се следните :

1.	1972/73 година	852.440 m
2.	1973/74 година	891.236 m
3.	1974/76 година	1.466.432 m
4.	1976/84 година	5.288.000 m
Вкупно	1972/84 година	8.490.000 m

При мерењата на наносите екипата на Заводот за Водостопанство ги користи мерењата вршени на вкупно 62 напречни профили. Целта е дел да се констатираат количините на исталожен нанос во акумулацијата, да се одреди експлоатациониот век на акумулацијата и мерките за заштита на акумулацијата од засипување.

Според мерењата и пресметките извршени во текот на 1991 година за период од 1968-1991 година во акумулацијата Тиквеш депониран е влечен нанос со зафатнини од 29.320.019 m^3.

Средната годишна депонирана зафатнина на довлечен материјал (нанос) во акумулацијата Тиквеш од сливот е 1.274.783 m^3/год. (слив од 5.361 km^2).

Средна годишна продукција на депониран нанос во сливот во акумулацијата Тиквеш и за период 1968-1991 год. изнесува 237.80 m^3/год./km^2.

Според постојната техничка документација од теоретски пресметки (емпирски формули) пресметано е дека вкупниот годишен нанос што треба да се исталожи на акумулацијата треба да се изнесува 1.014.640 m^3/год. односно 190 m^3/год./km^2 и врз овие претпоставки предвиден е векот на траење на акумулацијата Тиквеш.

